ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА
# ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТАНДАРД“ ДЕБАР

01 2023 10 04

Скопје, февруари 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното комунално претпријатие „Стандард“ Дебар, за 2022 година.

Со извршената ревизија, не изразивме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година, а за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме неповолно мислење.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈКП „Стандард“ Дебар за 2022 година ги утврдивме следните состојби:

- во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија не е извршен упис на основната главнина на претпријатието како основачки влог;
- за дел од земјиштето и градежните објекти со вкупна вредност од 12.204 илјади денари, поради нерегулирани права на сопственост и не обезбедени целосни и веродостојни документи, не може да се потврди сопственоста врз истите и нивната вредност, движните ствари добиени на трајно користење не се сметководствено евидентирани;
- висок процент на неприходувана вода од 81,2%, неприходувани 512.460 $м^3$ вода за пиење испорачани на Општина Центар Жупа, како и нереално пресметани количини на потрошена вода за дел од корисниците;
- побарувањата за кои постојат објективни докази дека претпријатието нема да може да ги наплати не се обезвреднети, а извршен е траен отпис на побарувањата по основ на снабдување со вода за пиење во вкупен износ од 4.776 илјада денари, без Одлука на Управниот одбор;
- пописот на средствата и обврските не е целосен и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- неправилности во начинот на управување со залихите на материјали, резервни делови и ситниот инвентар и признаени расходи во износ од 2.374 илјади денари без соодветна и поткрепувачка документација;
- неусогласеност на евидентираните обврски на претпријатието со евиденцијата на Управата за јавни приходи по основ на ДДВ и данок на добивка;
- неправилности во начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата на вработените и во ангажирањето на лица по договор на дело;
- готовинска исплата на нето плати на вработени, плаќање на производи и услуги во готово кои поединечно надминуваат 6 илјади денари и не утврден благајнички максимум;
- јавното претпријатие нема склучено договори за уредување на меѓусебните права и обврски со корисниците на услугите од кои најголемиот дел 97% се од категорија домаќинство, а 3% се правни лица;

- директорот на претпријатието и градоначалникот на општината немаат склучено договор за регулирање на меѓусебните права, одговорности и овластувања, а неизготвувањето на квартални и полугодишни извештаи ја намалува транспарентноста при информирање за видот и обемот на работење на претпријатието;
- претпријатието ја извршува дејноста за отстранување на отпадоци и смет, обработка и депонирање на комунален и цврст отпад и депонирање на индустриски отпад без дозвола за управување со отпад, средствата наплатени во текот на 2022 година, во износ од 2.830 илјади денари по основ на надоместокот за одржување на јавна чистота, ги нема уплатено на сметката на буџетот на општината, а програмските активности за одржување на комунална хигиена се без соодветна поткрепувачка документација.
- извршени се набавки на стоки и услуги во износ 4.096 илјади денари за кои не се спроведени постапки за ЈН.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата обелоденува дека претпријатието е во постојана блокада од 2010 година и поради утврдениот месечен минимум на средства во износ од 2.282 илјади денари, искажаните обврски на јавното претпријатие на крајот на 2022 година изнесуваат 116.635 илјади денари од кои ги истакнуваме: обврските за придонеси и надоместоци на вработените во износ од 61.985 илјади денари и за данок на личен доход во износ од 3.403 илјади денари за период од 2009 - 2014 година, обврски по основ на надоместок за користење на води од 5.937 илјади денари и обврски за данок на личен доход во износ од 834 илјади денари, по основ на пресметан регрес за годишен одмор за период од 2006 - 2019 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот ЈКП „Стандард“ Дебар во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 22 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 23 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 23 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 23 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 24 |
| 9. | Недостатоци во внатрешната контрола | 25 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 26 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | | |
| Биланс на успех | | 27 |
| Биланс на состојба | | 28 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | | 29 |
| Извештај за паричниот тек | | 30 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 31 |
| Сметководствени политики | | 35 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 40 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МСФИ за МСЕ | Меѓународни стандарди за финансиско известување за мали и средни ентитети |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| УО | Управен одбор |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17-148/7
Дата: 29.02.2024

## 1. Вовед

Јавното комунално претпријатие „Стандард“ Дебар со Ц.О. е основано во август 1955 година за вршење комунална дејност од јавен интерес кои се незаменлив услов за животот на граѓаните на подрачјето на Општина Дебар и Општина Жупа. Основач на претпријатието е Општина Дебар која ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за јавни претпријатија и други законски прописи. Согласно Статутот на претпријатието негова основна дејност е зафаќање на сурова вода, нејзин третман и дистрибуција до крајните потрошувачи. Покрај оваа дејност, претпријатието врши и отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности, обработка и депонирање на комунален и цврст отпад, депонирање на индустриски отпад и штетни материи, одржување на јавна чистота во градски и други населби.

Претпријатието е основано со Одлука на Собранието на Општина Дебар, кое во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските створени во правниот промет одговара со целиот имот.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 35 до 38 на Јавното комунално претпријатие „Стандард“ Дебар, за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Преглед на промени на капиталот и резервите, Извештај за паричниот тек за годината која завршува со тој датум и применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Стандард“ Дебар за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основ за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Стандард“ Дебар на ден 31 декември 2022 година, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Стандард“ Дебар, за 2022 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност.
Заради прашањата опишани во точката 3.1. ние не бевме во можност да добиеме доволен и соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основ за изразување на ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Со извршениот увид во документацијата која се однесува на капиталот на јавното претпријатие, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Во единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, не е извршен упис на основната главнина на ЈКП „Стандард” Дебар, како што е уредено со член 298 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва и член 4 - б од Законот за јавните претпријатија.
- Според трговските книги на 31.12.2022 година, вредноста на капиталот изнесува 16.168 илјади денари, од кои 12.535 илјади денари се евидентирани како уплатени удели во 2012 година, од страна на вработените, што не е во согласност со член 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со кој е уредено дека трансформацијата не се врши на јавните претпријатија. Вредноста на капиталот во износ од 3.633 илјади денари е состојба која потекнува од минати години (периодот на основање), а за која надлежните служби не располагаат со поткрепувачка документација за видот и основот на евидентирање. Јавното претпријатие нема преземено активности за утврдување на објективната вредност на главнината, односно не е извршена проценка на средствата, обврските и капиталот со кој располага, обврска предвидена со член 5 од Законот за процена. Ваквата состојба не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од ЗТД со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Неупишаната главнина на претпријатието во Централниот регистар кој претставува централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, како и нецелосната поткрепувачка документација за вредноста на капиталот не даваат уверување за точноста, реалноста и објективноста на искажаниот износ на капиталот во финансиските извештаи за 2022 година.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување во соработка со основачот да преземат активности за:

- проценување на средствата со кои располага јавното претпријатие од овластени проценители и да се утврди објективната вредност на основната главнина;
- евидентирање на основната главнина како основачкиот влог во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
- да се преиспита законскиот основ и начинот на уплата на уделите од вработените и да се преземат мерки за корективни книжења на истите.

3.1.2. Материјални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година, се искажани во вредност во износ од 12.291 илјада денари, од кои 11.984 илјади денари се однесуваат на градежни објекти.

Во материјалната и сметководствената евиденција, евидентирана е водоводна мрежа со сегашна вредност од 7.626 илјади денари, состојба која потекнува од минати години, и за која јавното претпријатие нема прилог поткрепувачка документација за сопственоста, видот, типот и површината на мрежата во вредност од 7.524 илјади денари. Од друга страна, градежните објекти кои се проценети во износ од 4.358 илјади денари, се без доказ за сопственичкиот статус (имотен лист) и правото на управување со недвижностите. Со цел утврдување на правниот статус на објектите кои ги користи јавното претпријатие за вршење на својата дејност, истото ја нема искористено можноста за утврдување на фактичката состојба на бесправно изградените објекти за водоснабдителниот систем, односно ја пропуштило можноста согласно закон да изврши легализација на истите и да го регулира правото на сопственост.

Не преземањето активности за задолжително запишување на правото на сопственост на градежните објекти не е во согласност со член 142 и 156 од Законот за катастар на недвижности и не овозможува да се потврди правото на сопственост на јавното претпријатие врз истите. Евидентирањето на материјалните средства, не е во согласност со одредбите од член 472 став 3 и 4 од Законот за трговските друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки и истите да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, што не дава уверување за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и имотот со кој располага претпријатието.

Истовремено истакнуваме дека овие состојби влијаат на висината на тарифата за водна услуга, која се формира согласно Методологијата за определување на тарифите за водна услуга[1], одобрена од страна на РКЕ, врз основа на официјални податоци за финансиски извештаи доставени од ЈКП „Стандард“ Дебар, односно вредноста на искажаните материјални средства согласно Упатството[2] и Методологијата, влијае на параметрите при формирањето на цената на тарифите за водните услуги.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување во соработка со основачот Општина Дебар да преземат мерки за утврдување на правниот статус на градежните објекти и нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности.

---

[1] Методологија за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ број 63/17, 172/ 18

[2] Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, поднесоците критериумите за оцена бр. 01-1421/1 од 21.08.2017 година

3.1.3. Советот на Општина Дебар за потребите на јавното претпријатие во месец 09/2022 година донел Одлука за давање на трајно користење на движни ствари[3] (специјално возило за собирање и транспортирање на комунален отпад и специјално возило Канал-џет за одржување на фекална канализација) сопственост на Општина Дебар на ЈКП „Стандард” Дебар. Возилата се примени со Записник за примопредавање на движни ствари со набавна вредност од 14.133 илјади денари[4], но истите не се евидентирани во Билансот на состојба на позицијата транспортни средства.

Имајќи во предвид дека е извршен пренос на средствата, добиени на трајно користење без надомест, претпријатието кое стопанисува со нив и ги одржува, треба да го примени приходниот пристап, односно за вредноста на овие средства потребно е да искаже зголемување на сметката за одложено признавање на приходи, при што согласно Оддел 24 од МСФИ за МСЕ, во текот на годината ќе се искаже приход во висина на годишната пресметка на амортизацијата. Оваа пресметка ќе предизвика намалување на сметката за одложено признавање на приходите во период на корисниот век на употреба на средствата.

Несоодветниот сметководствен третман на „државната“ поддршка кое ја има добиено претпријатието во вид на средство има влијание на реално и објективно прикажување на позициите во Билансот на состојба и Билансот на успех и влијае врз финансискиот резултат.

**Препорака:**

Одговорните лица за раководење и управување да преземат активности, за добиената „државна“ поддршка која се однесува на основни средства, истите сметководствено да ги евидентираат, користејќи го приходниот пристап.

3.1.4. ЈКП „Стандард“ Дебар согласно дозвола и решение издадени од МЖСПП го снабдува со вода за пиење населението во Општина Дебар и Општина Центар Жупа.

Со увид во документација поврзана со начинот на испорака, динамика, мерење и плаќање на испорачаните количини, го утврдивме следното:

- Количината на произведената вода значително отстапува од количината на приходуваната вода, односно според евиденцијата која се води во претпријатието утврдивме дека во водоснабдителниот систем количините на произведената/испорачана вода се 3.784.320 м$^3$ вода за пиење, а количината на приходувана вода за пиење е 712.435 м$^3$ вода, што претставува 18,8% на приходувана вода за пиење од вкупно произведената и укажува на висок процент на загуба од 81,2%. Регистрираните загуби на вода во водоснабдителниот систем, генерално

[3] Одлука бр. 08-1154/9 од 29.09.2022 година
[4] според евиденцијата на општината

се делат на технички, комерцијални и загуби предизвикани од комунална потрошувачка;

- Во текот на 2022 година за Општина Центар Жупа испорачани се 512.460м$^3$ вода за пиење, кои не се приходувани, односно ЈКП нема склучено договор со Општина Центар Жупа за регулирање на правата и обврските за снабдување со вода за пиење и одржување на системот. Ваквата состојба на непреземање мерки за приходување на испорачана количина вода за пиење има за ефект помалку остварени приходи по овој основ во износ од 9.737 илјади денари, помалку пресметан данок на додадена вредност, помалку надоместок на вода како приход на Буџетот на Република Северна Македонија и помалку данок на добивка;
- Бројот на корисници на кои им се фактурира потрошена вода по член на домаќинство во одредени региони во однос бројот на корисници на кои им се фактурираат реално потрошените количини на вода мерени со водомер изнесува 40% што преставува значителен процент на нереално пресметани количини на потрошена вода за наплата.

За утврдените загуби на вода во системот за водоснабдување во продолжение следи преглед со графички приказ преку кој може да се согледа загубата на вода на годишно ниво за период од 2019 до 2023 година.

**Графикон бр.1 Остварен физички обем на испорачана и фактурирана вода 2019 - 2023 година**




Непреземањето мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода преку активности за реална и објективна потрошувачка на вода за пиење, предизвикува нереална и необјективна состојба во процесот на фактурирање на испорачаната количина на вода за пиење и има за ефект помалку остварени приходи на претпријатието, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за вода кои претставуваат приходи на Буџетот на државата.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- анализа на состојбата, донесување и реализација на планови за минимизирање и отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем;
- регулирање на правата и обврските за снабдување со вода за пиење со Центар Жупа и приходување на испорачаната количина на вода за пиење;
- поставување на водомери и фактурирање на реално испорачаните количини на вода за пиење.

3.1.5. Во трговските книги и финансиските извештаи со состојба 31.12.2022 година, претпријатието има искажано побарувања од купувачите во земјата во износ од 172.754 илјади денари.

**Графикон бр.1 Структура на побарувањата на** 31.12.2022 година




Со извршената анализа на побарувањата, старосната структура, како и преземените мерки за нивна наплата, ги утврдивме следниве состојби:

- За побарувањата со општ рок на застареност подолг од 5 години во вкупен износ од 134.192 илјади денари, што претставуваат 77% од вкупните побарувања, јавното претпријатие нема преземено мерки за наплата и тоа за: правни лица во износ од 92.006 илјади денари, и физички лица во износ од 42.186 илјади денари, што не е во согласност со член 360 и 377 од Законот за облигациони односи.
- Не се пресметуваат камати за задоцнето плаќање на фактурите кои не се платени во предвидениот рок на валута, што не е во согласност со член 266 од Законот за облигациони односи и има влијание на точноста и целосноста на остварените приходи.
- Поради не преземените мерки за наплата на побарувањата во минати години, а имајќи го во предвид општиот рок на застареност, постои голема неизвесност за нивна наплата, а од страна на ЈКП нема извршено

обезвреднување на побарувањата од купувачи кога постои објективен доказ дека претпријатието нема да може да ги наплати побарувањата, ниту има направено проценка за обезвреднување на истите. Поради ваквата состојба, ревизијата не беше во можност да ги утврди ефектите врз нето сметководствената вредност на побарувањата од купувачи на ден 31 декември 2022 година, ниту врз нето резултатот и потенцијалниот данок на добивка за годината што завршува со тој датум, што не е во согласност со Оддел 23 точка 27 од МСФИ за МСЕ.

Побарувањата до 5 години се проценети во износ од 33.666 илјади денари што претставуваат 20% од вкупните побарувања и тоа: од правни лица во износ од 25.696 илјади денари и од физичките лица во износ од 7.970 илјади денари. Во текот на 2022 година, од страна на одговорното лице преземени се мерки за наплата и со дел од корисниците склучени се договори за плаќање на рати.

- Во текот на 2022 година, извршен е отпис на побарувања кои не се тужени во износ од 1.345 илјади денари за физички лица и 3.315 илјади денари за правни лица, без да има донесено Одлука на Управниот одбор. За извршениот отпис на овие побарувања од страна на одговорните лица не беа образложени причините поради кои јавното претпријатие во законските рокови нема преземено мерки за искористување на правото за нивно утужување и барање на присилно исполнување и наплата. За извршениот отпис на побарувањата за физичките лица пресметана е обврска за данок на личен доход во износ од 351 илјада денари, но истата заклучно со 31.12.2022 година не е подмирена. Наведената состојба не е во согласност со член 13 и 19 од Законот за јавните претпријатија, кои се однесуваат на обврската за заштита и унапредување на добрата од општ интерес и деловната политика на јавното претпријатие.

Ненавременото преземање на мерки за наплата на побарувањата, не пресметувањето на камата за задоцнето плаќање, неизвршеното обезвреднување на побарувањата кога постои објективен доказ дека претпријатието нема да може да ги наплати, отпис на побарувања без одлука на Управниот одбор, имаат за ефект нереално и необјективно презентирање на финансиските извештаи за 2022 година и нанесување на штета на јавното претпријатие.

**Препорака:**

Одговорните лица за раководење и управување во претпријатието да преземат активности за:

- навремена и целосна наплата на побарувањата;
- оценка на наплатливост на побарувањата на крајот на секој период на известување и врз основа на веродостојни докази да предложат соодветен акт за постапување;

- преземање на активности за утврдување на одговорност за отпишување на побарувањата без акт од надлежниот орган;
- да се изврши обезвреднување на побарувањата од купувачи за кои постојат објективни докази дека претпријатието нема да може да ги наплати и да се изврши проценка за обезвреднување на истите.

3.1.6. Согласно одредбите од член 473 од Законот за трговските друштва, ЈКП „Стандард“ Дебар има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, констатирано е дека пописот на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2022 година не е извршен на начин предвиден со законските одредбите и Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, од следниве причини:

- Јавното претпријатие нема донесено посебен акт со кој ќе го утврди начинот на вршење попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот што не е во согласност со член 5 од Правилникот;
- за претседател на пописна комисија, назначено е лице вработено во одделението за сметководство и плаќање, што не е во согласност со член 8 став 2 од Правилникот, кој предвидува дека вработените кои се овластени да одлучуваат за набавката, трошењето, продажбата, плаќањето и за други постапки врз основа на кои доаѓа до зголемување или намалување на состојбата на средствата и обврските како и вработените кои водат евиденција за промените на средствата и обврските кои се предмет на пописот не смеат да бидат назначени за членови на пописната комисија;
- не е извршен попис на долгорочните финансиски средства, залихите на суровини, материјали и резервни делови, обврските, побарувањата, паричните средства, паричните еквиваленти и дадените аванси. Исто така не е извршен попис на побарувањата од државни органи и институции за надомест на штета за заземено земјиште на физичко лице со намена на депонија, за што е добиено судска пресуда П.бр. 202/03 од 05.07.2010 година, што не е во согласност со член 4 од Правилникот;
- во пописните листи од извршениот физички попис на материјалните средства, не е внесена вредноста на средствата, поради што не е извршено вредносно усогласување меѓу сметководствената и фактичката состојба и утврдување на евентуалните разлики (кусок/вишок), што не е во согласност со член 11 став 3,4, и 5 од Правилникот;

- во пописните листи не се внесени податоци за номенклатурните броеви, називите, видовите, единиците на мерки, фактичките количини и фактичките вредности, поединечно за средствата кои се предмет на пописот. Исто така, не се составени пописните листи посебно, според аналитичките сметки на средствата кои се предмет на пописот во најмалку два примерока, што не е во согласност со член 10 став 4 и 5 Правилникот и
- Пописна комисија нема изготвено Извештај за извршениот попис, обврска предвидена со член 11 став 11 од Правилникот.

Нецелосно и неправилно извршениот попис на средствата и обврските и не усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, не дава уверување за искажаните состојби во трговските книги и финансиските извештаи за 2022 година.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување со претпријатието да преземат активности и мерки за:

- донесување на интерен акт за вршење на попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност,
- да ги задолжат пописните комисии да направат целосен попис на средствата и обврските, да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со Правилникот и изготват Извештај за извршениот попис.

3.1.7. Залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар, на 31.12.2022 година се проценети во износ од 994 илјади денари. Од извршениот увид во документацијата ги утврдивме следните состојби:

- од вкупните залихи, 268 илјади денари или 27% се набавени пред 2018 година и истите до денот на вршење на ревизијата немаат промени во нивната состојба, поради што постои можност повеќе да немаат употребна вредност, односно да се технолошко застарени.

  Оваа состојба укажува дека при управувањето со залихите, не се одредуваат минимални, максимални и оптимални количини на залихи на суровини, материјали и резервни делови. Исто така имајќи во предвид дека за овие залихи е изминат период од неколку години, на крајот на пресметковниот период, не е утврдена нивната нето реализациона вредност, со цел да се определи дали постои разлика помеѓу проценетата продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентира пониската од нив во согласност со барањата на Оддел 13.19 од МСФИ за МСЕ.
- Во текот на 2022 година извршени се набавки на материјали и резервни делови во износ од 3.085 илјади денари, кои директно се признаваат како трошок. За извршените набавки не се изготвуваат приемници и нема

доказ за прием на стоката, а влезната документација не е контролирана и одобрена од страна на раководното лице. На крајот на годината не се прави процена на неискористените материјали и резервни делови, што не е во согласност со барањата на Оддел 13 од МСФИ за МСЕ, поради што не може да се потврди веродостојноста на искажаните трошоци, ниту реалноста и објективноста на состојбата на материјалите на залиха.

Утврдените состојби не се во согласност ниту со барањата на член 472 точка 3 од Законот за трговски друштва со кој е пропишано дека сите податоци регистрирани во трговските книги мора да бидат целосни комплетирани, навремени и ажурирани, што има влијание врз реално и објективно прикажување на вредноста на залихите во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година и на расходите и финансискиот резултат од работењето.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- донесување на интерен акт со кој ќе се уреди начинот на набавки, прием и издавање на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар;
- реално и објективно признавање и мерење на залихите, нивно соодветно, точно и навремено евидентирање (при прием и издавање) во сметководствена и материјална евиденција врз основа на веродостојни сметководствени документи и
- утврдување на вредноста на залихите по нивното почетно признавање на крајот на деловната година и прикажување на вредноста на залихите во финансиските извештаи според нивната усогласена вредност.

3.1.8. Во трговските книги и финансиските извештаи па ЈКП „Стандард“ Дебар со состојба 31.12.2022 година, искажани се обврски за даноци, придонеси и други давачки во вкупен износ од 104.571 илјада денари. Од извршениот увид во приложената документација, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Јавното претпријатие претставува месечен даночен обврзник за пресметување и плаќање на данок на додадена вредност и по тој основ на позицијата Обврски за данок на додадена вредност, искажана е состојба во износ од 27.608 илјади денари. Согласно податоците за даночна евиденција по основ на данок на додадена вредност во Управата за јавни приходи[5], обврската за главниот долг и камата за ненавремено плаќање изнесува 23.995 илјади денари, што претставува неусогласеност на евидентираните обврски помеѓу претпријатието и УЈП. Претпријатието има искажано повеќе обврски за ДДВ во износ од 3.613 илјади денари;
- на позицијата Обврски за данок на добивка, со состојба на 31.12.2022 година евидентирана е обврска во износ од 4.804 илјади денари по основ

[5] https://etax-fl.ujp.gov.mk/includes/danocna_karta_print.jsp?categoryI... Даночна евиденција за ДДВ

на данок на добивка акумулирано од претходни години. Според увидот во даночна евиденција за данок на добивка во УЈП[6], обврската за главниот долг за плаќање на данок на добивка изнесува 2.843 илјади денари. Не се усогласени евиденциите помеѓу претпријатието и Управата за јавни приходи. Претпријатието има искажано повеќе обврски за данок на добивка во износ од 1.960 илјади денари;

Не преземените активности за усогласување на обврските со Управата за јавни приходи не е во согласност со член 472 од Законот за трговски друштва кој го уредува начинот на водење на трговските книги и влијае на реалноста и објективноста на искажаните финансиски извештаи и го намалува квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

Препорака:

Надлежните органи на управување и раководење во претпријатието да преземат активности за усогласување на обврските со УЈП и нивно реално и објектно прикажување во финансиските извештаи.

3.1.9. Согласно Оддел 10 од МСФИ за МСЕ, сметководствените политики се специфични принципи, основни конвенции, правила и практики кои треба да ги применува друштвото при подготовка и презентирање на финансиските извештаи. Сметководствените политики треба да придонесат за порелевантно обезбедување на информации во однос на користените проценки и нивното влијание врз финансиските трансакции, врз состојбата на средствата и остварениот финансиски резултат. Со извршената ревизија констатиравме дека сметководствените политики на ЈКП „Стандард“ Дебар, се донесени во 2006 година и истите во одредени барања не ги претставуваат веродостојно финансиските трансакции, финансиската успешност, паричните текови и не се комплетни. Со усвоените сметководствените политики не е утврден корисниот век и не се пропишани стапките за пресметка на годишната амортизација на материјалните и нематеријални средства, политиката за признавање на залихите која не соодветствува со начинот на нивно евидентирање и издавање во сметководствената евиденција и не е уреден начинот на вршење на проценка на ризикот од наплата на секое поединечно побарување и роковите во кои се врши намалување на вредноста на побарувањата преку вредносно усогласување и траен отпис. Не извршената промена на сметководствените политики влијае на веродостојноста на информациите во врска со трансакциите во финансиските извештаи.

Препорака:

Органите на раководење и управување да преземат мерки и активности за донесување на нови сметководствени политики, сообразни со новите услови на работење и начин на евидентирање на сметководствените проценки.

[6] https://etax-fl.ujp.gov.mk/includes/danocna_karta_print.jsp?categoryI... Даночна евиденција за Данок на добивка

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во 2022 година евидентирани се трошоци во износ од 20.433 илјади денари за бруто плати на вработените кои во ЈКП „Стандард“ Дебар имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Со извршениот увид во персоналните досиеја на вработените и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата за вработените, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Управниот одбор на ЈКП „Стандард“ Дебар нема донесено Правилник со кој ќе се уреди начинот на уредување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во јавното претпријатие, што не е во согласност со член 37 - ц од Законот за јавните претпријатија и член 14 од Статутот.
- Во текот на 2022 година, начинот на пресметка и исплата на плата за вработените кои имаат статус на административни службеници не е усогласен со важечката законска регулатива во делот на основната и исклучителната компонента на плата, односно не е утврдена минимална плата и не е усогласен бројот на бодови за степен на образование, ниту се утврдени додатоците кои ја сочинуваат исклучителната компонента на плата, што е не е во согласност со член 4 од Законот за минимална плата со кој се утврдува висината на минималната плата и членовите 86, 87 и 89 од Законот за административни службеници, кои го регулираат начинот на утврдување на основната и исклучителната компонента на плата.
- За вработените кои имаат статус на даватели на услуги и помошно-технички лица, отсуствуваат законски одредби со кои би се уредил начинот на пресметување на платите. За овие категории на вработени согласно член 25 од Законот за вработените во јавниот сектор оставена е можност висината на платите и други прашања од работниот однос да се уредат со општите прописи за работни односи и колективни договори. Во отсуство на колективен договор на ниво на работодавач, Правилник за исплата на плата и надоместоци на плата и не изготвени договори за вработување со утврдување на бруто плата, ревизијата не можеше да ја потврди точноста и реалноста на пресметаната и исплатена плата на вработените кои имаат статус на давателите на услуги и помошно-технички лица.
- Од страна на Управниот одбор за тековната 2022 година, не е донесена Одлука за утврдување на вредноста на бодот, што не е во согласност со член 19 став 9 од Законот за јавните претпријатија, а пресметувањето на платата се врши по вредност на бод од 90 денари за кој не е обезбедена согласност од основачот, што не е во согласност со член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија. Исто така, ваквиот начин на постапување не е во согласност ниту со член 88 од Законот за административни службеници, кој предвидува вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници да се утврдува секоја

година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие, а во рамките на предвидениот буџет/финансиски план, врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

- Во ЈКП „Стандард“ Дебар пресметката на плата се врши во апликативна програма за плата во која се пресметува бруто платата и се изготвува МПИН пријава-декларација за прием до УЈП. Воспоставена е пракса од минати години до 15 во месецот да се врши уплата на придонесите и утврдената ефективна нето плата во декларацијата за прием во висина од 10 денари за која има потврда дека истата е прифатена од страна на УЈП. Исплатата од 10 денари се врши на трансакциски сметки по лица, а преостанатиот дел од нето платата се исплаќа на готовинска основа преку благајната на јавното претпријатие до крајот на месецот. Ваквото постапување не е во согласност со член 8 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија и член 10 и 11 од Законот за платниот промет[7], каде е регулирано дека е забранета исплата на плати од дневен пазар и истата се врши исклучиво во паричен износ преку трансакциска сметка. За исплатената нето плата преку благајната нема потврда за износот кој е исплатен, односно во прилог на документацијата има верификуван список на вработени, без да се наведе износот на исплатените средства.

Несоодветната примена на законските прописи со кои се регулира начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата на вработените во јавното претпријатие има влијание врз точноста на пресметката и висината на исплатените плати.

Во текот на ревизијата од месец октомври 2023 година преземени се мерки за исплата на нето плата на вработените на сопствени трансакциски сметки во целосен износ.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- донесување на Правилник за плати со кој ќе се уредат прашањата за плата, надоместоци на плата и други надоместоци и примања на вработените;
- директорот во соработка со Управниот одбор да преземе мерки за утврдување на вредноста на бодот на основна плата и да се достави до основачот на усвојување во законски предвидениот рок;

[7] Закон за платниот промет („Сл. Весник на Република Македонија“ бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17, 7/19 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20 и 39/22), а од 1 јануари 2023 година во примена е Законот за платежните услуги и платежните системи „Сл. весник на РСМ“ бр. 90/22

- за вработените кои имаат статус на административни службеници делот на основната компонента на плата да се усогласи со важечката законска регулатива.

3.2.2. Јавното претпријатие нема донесено акт за утврдување на благајнички максимум, а на 31.12.2022 година во благајната евидентирано е салдо од 2.942 илјади денари. Паричните средства од дневниот пазар примени во готовина, претпријатието не ги уплаќа следниот работен ден на трансакциска сметка, туку истите ги држи во благајната. Во текот на годината, преку благајната извршен е промет во вкупен износ од 20.991 илјада денари од кои 13.669 за исплата на нето плати на вработени, а 7.322 илјади денари за плаќање на производи и услуги во готово кои исплати поединечно надминуваат 6 илјади денари (надоместок за смрт, договори на дело, отпремнина за пензионирање, набавка на стоки).

Ваквиот начин на благајничко работење не е во согласност со член 20 од Законот за платниот промет кој го регулира начинот на управување со паричните средства од дневниот пазар и плаќањето на производи и услуги во готово, што создава можност за злоупотреба и проневера на средствата на јавното претпријатие.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување да преземат активности за:

- донесување на посебен акт за утврдување на благајнички максимум и да чува во благајната готовина до утврдената висина.
- парични средства од дневниот пазар над утврдениот благајнички максимум примени во готовина по било која основа да ги уплаќа најдоцна до следниот работен ден на својата трансакциска сметка.
- доколку висината на благајничкиот максимум е поголема од 20 илјади денари, претпријатието да ја осигура готовината која ја чува во благајна, најмалку до висината на благајничкиот максимум, при што договорот за осигурување задолжително ќе ги покрива штетите во случај на пожар, поплава и кражба.
- плаќањето на производи и услуги во готово од страна на правни лица поединечно да не надминува повеќе од 6 илјади денари, а вкупен износ во текот на календарскиот месец да не надмине 60 илјади денари.

3.2.3. Во текот на 2022 година, ЈКП „Стандард“ Дебар врз основа на авторски договори, односно договори на дело има евидентирано расходи во вкупен износ од 3.469 илјади денари. Од извршената анализа на пополнетоста на работни места во текот на 2022 година бројот на систематизирани работни места изнесува 89 од кои пополнети се 57,3% или 48 работни места. Утврдената потреба од човечки ресурси јавното комунално претпријатие ја реализира преку ангажирање на лица по договори на дело чии број се движи од 17-22 лица

кои во најголем дел се однесуваат и се поврзани со работни задачи за редовно систематизирани работни места. За изборот на овие лица не постојат пишани критериуми како во поглед на потребата од нивно ангажирање, така и во поглед на стручните квалификации и компетенции кои би требало да ги поседуваат, ниту постојат критериуми во утврдување на висината на надоместоците за извршената работа и истите се движат од 5 до 25 илјади денари месечно.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 619 од Законот за облигационите односи, во кој е предвидено дека може да се ангажира лице по договор на дело само за вршење на определена работа еднократно и член 22 од Законот за работни односи каде е пропишан начинот на обезбедување на потребата од работници, што укажува на нетранспарентност и субјективно постапување при вработување, во изборот на лица и нивна повластена положба во постапката за нивното ангажирање.

Препорака:
Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за пропишување на политики за потребата од ангажирање на лица врз основа на договор на дело, утврдување на критериуми во однос на стручните квалификации и компетенции кои треба да ги поседуваат и за висината на надоместокот за извршената работа.

3.2.4. ЈКП „Стандард“ Дебар во своето работење ги нема преземено потребните активности и тоа:

- Директорот нема склучено договор со градоначалникот на општината, за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавните претпријатија;
- Јавното претпријатие нема изготвено тримесечни и шест месечни извештаи, со што не ги испочитувало обврските предвидени со член 5 и 23 –а од Законот за јавните претпријатија за доставување до основачот усвоени извештаи кои содржат податоци за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на јавното претпријатие, како и податоци за финансиското работење.
- Изготвен е Годишен извештај за 2022 година, кој не содржи податоците за видот и обемот на извршените работите при обавување на дејноста на јавното претпријатие и податоци за финансиското работење и истиот го нема објавено на веб страницата на јавното претпријатие, обврска предвидена со член 23-а од Законот за јавните претпријатија.
- Од страна на Надзорниот одбор задолжен за вршење контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие, не е испочитувана законската обврска за задолжително одржување на

седници најмалку четири пати годишно, што не е во согласност со член 27 од Законот за јавните претпријатија, односно Надзорниот одбор има одржано само една седница на која дава позитивно мислење на завршната сметка на ЈКП „Стандард“ Дебар за 2022 година.

Отсуството на договор со општината, за уредување на односите со јавното претпријатие, недостатокот на информации за работењето на претпријатието и нередовното состанување на надзорниот одбор влијаат врз транспарентноста и донесувањето одлуки за идните активности и насоки за развој и работење на ЈКП од страна на органот на управување и неговиот основач.

Препорака:

- Градоначалникот на Општина Дебар и Директорот на ЈКП „Стандард“ Дебар да склучат договор за уредување на правата, одговорностите и овластувањата на директорот на претпријатието;
- Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да преземат активности за континуирано, навремено и квалитетно изготвување на три месечни и шестмесечни извештаи, истите да се доставуваат до надлежните органи заради добивање мислење и да се објавуваат на веб страницата на јавното претпријатие.

3.2.5. Согласно член 5 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, пропишана е обврска за јавните комунални претпријатија да склучуваат договори со корисниците за услугите кои ги вршат.

Со извршениот увид во склучените договори утврдивме дека од вкупно 6.034 корисници, до денот на известување за ревизијата ЈКП „Стандард“ Дебар нема склучено договори за уредување на меѓусебните права и обврски со 80% од корисниците на услугите. Најголемиот дел од корисниците со кои не е склучен договор 97% се од категорија домаќинство, додека 3% се правни лица.

Непочитување на законските одредби и недефинирање на должничко доверителски односи може да предизвика отежната наплата на извршените услуги и да претставува тешкотија за непречено остварување на правата и обврските на давателите и на корисниците на услугите.

Во текот на 2022 година, јавното претпријатие има започнато со активностите за склучување на договори со корисниците на услугите, но оваа активност сè уште не е целосно завршена.

Препорака:

Надлежните органи на раководење и управување во ЈКП „Стандард“ Дебар да продолжат со активностите за склучување договори со кои ќе се регулираат меѓусебните права и обврски со сите корисници на услугите.

3.2.6. ЈКП „Стандард“ Дебар на подрачјето на Општина Дебар врши одведување на отпадните води, но за вршење на оваа дејност, се нема стекнато со водно право (дозвола) за испуштање на води за системите со кои располага, што не е во согласност со одредбите на член 28 од Законот за води, каде е регулирано дека за испуштање во води и испуштање и фрлање на материи и супстанции во површинските води е потребна дозвола. Јавното претпријатие во сметките за вода за утврдените количини за одведување отпадни води, не го пресметува и посебно искажува надоместокот за испуштање во води во висина од 1% од утврдената цена на услугата од давателот на услугата за собирање и прочистување на отпадните води, што не е во согласност со член 214 став 7 и 8 од Законот за водите. Имено со законските одредби, обврзник за плаќање на надоместокот е правно или физичко лице кое нема уреди за одведување и пречистување на отпадни води и/или испушта непречистени отпадни води и отпадни материи или супстанции во реципиенти согласно со дозволата за испуштање на води. Надоместокот по овој основ го пресметува правното лице кое управува со системот за одведување и пречистување на отпадни води, врз основа на количината на водата што е испуштена во системот и го наплатува при наплата на цената за извршена услуга и го прикажува одвоено во сметката за извршена услуга.

Не поседувањето на соодветни дозволи ја доведува во прашање способноста и одговорноста на ЈКП како давател на услуги во вршење на неговата дејност, а не воведениот надоместок за испуштање на води, има за ефект помалку остварени средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

Препорака:

Одговорното лице и надлежните органи за раководење и управување со претпријатието да преземат активности за:

- поднесување барање до органот на државната управа надлежен за работите од областите за вршење на дејностите за дозвола за испуштање во води;
- воведување на надоместок за испуштање во води, негово одвоено искажување во сметките и истиот навремено да се уплатува во Буџетот на Република Северна Македонија.

3.2.7. ЈКП „Стандард“ Дебар е основано за вршење на стопански дејности од јавен интерес. Согласно Статутот во својот делокруг на работење предвидено е да врши комунална дејност од јавен интерес на подрачјето на Општина Дебар.

Од извршениот увид во доставената документација и донесените акти во рамки на спроведување на своите надлежноста, ревизијата ги утврди следните состојби:

- по основ на извршување на дејноста за отстранување на отпадоци и смет, обработка и депонирање на комунален и цврст отпад и депонирање на индустриски отпад во деловните книги и финансиските извештаи за 2022

година, има искажано приходи во износ од 16.689 илјади денари. ЈКП ја извршува оваа надлежност на територијата на Општина Дебар без да поседува дозвола за управување со отпад, што не е во согласност со член 64 од Законот за управување со отпад. Согласно член 63 од законот, е пропишана обврска, создавачите на комерцијален отпад да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата на територијата на општината. Со извршениот увид во системот на ЈКП „Стандард“ Дебар (систем за изработка на сметки и наплата на побарувања), утврдивме дека претпријатието врши наплата на надоместок за собирање и транспортирање на комуналниот отпад преку доставување на сметки, но само со мал дел од создавачите на комерцијален отпад - правни лица има склучено поединечни договори. Нискиот процент на склучени договори, не овозможува непречено остварување на правата и обврските на давателот и на корисниците на услуги и ја отежнува наплатата на извршените услуги.

- ЈКП нема воспоставено евиденција согласно член 50 од Законот и Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад, нивна консолидација на крајот на годината и нивно доставување најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година до надлежниот орган за вршење на стручните работи од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината.
- Врз основа на утврдената висина на надоместокот за одржување на јавната чистота, ЈКП „Стандард “ Дебар врши наплата на надоместок за одржување на јавна чистота преку доставување на сметки за вода и собирање и транспортирање на комуналниот отпад, кој се прикажува одвоено на сметката на извршените услуги. Согласно член 25 од Законот за јавна чистота, средствата собрани од надоместокот се приход на буџетот на општината и се користат за финансирање на Програмата за јавна чистота. Јавното претпријатие во текот на 2022 година по основ на надоместок за одржување на јавна чистота наплатило 2.830 илјади денари, но не извршило уплата на средствата на сметката на буџетот на општината, што има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на Општина Дебар.
- Јавното претпријатие своето работење го остварува преку Програмата за одржување на комунална хигиена на територија на Општина Дебар за 2022 година, донесена од страна на Советот на Општина Дебар. За извршените работни активности: услуги за одржување на јавната чистота, паркови и зеленило, собирање и транспортирање на комунален отпад, јавното претпријатие нема доставено соодветна документација (работни налози, фактури) врз основа на кои ќе се потврди обемот,

количината и вредноста на извршени услугите, односно за извршените работи. Ваквата состојба не е во согласност со член 472 од Законот за трговските друштва со кој е уредено дека трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, и не дава можност за увид и контрола во реализацијата извршените активности.

- Во Општина Дебар, управувањето на градските пазаришта и одржувањето на градските гробишта го врши Исламската верска заедница, без притоа да постои формално правен акт за пренесување на надлежноста, што не е во согласност со член 4 од Статутот на ЈКП „Стандард“ Дебар, кој ги утврдува дејностите на јавното претпријатие за кое е основано. Ваквата состојба има за ефект не остварени приходи по овој основ за 2022 година.

Препорака:

Надлежните органи за раководење и управување во јавното претпријатие во соработка со надлежните органи на Општина Дебар да преземат мерки и активности за:

- обезбедување на дозвола за управување со отпад;
- склучување на посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со создавачите на комерцијален отпад;
- склучување договор помеѓу општината и ЈКП „Стандард“ - Дебар за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена;
- средствата од надоместокот за одржување на јавна чистота редовно да се уплаќаат на сметката на општината;
- доставување на целосна документација до Општина Дебар со која ќе се потврди обемот, количина и вредноста на извршени работи и услуги.

3.2.8. За користење на службените моторни возила во текот на 2022 година, јавното претпријатие има евидентирано расходи по основ на потрошено гориво во вредност од 2.374 илјади денари. Извршување на работата со помош на товарните моторни возила се одвива без да се добие писмен налог од раководителите на организационите единици од каде може да се согледа каде и за која намена се користи возилото, не се изготвуваат патните налози за користење на товарно моторно возило и не се евидентира поминатата километража на возилото за извршената работа.

Ваквиот начин на признавање на расходите без соодветна и поткрепувачка документација не е во согласност со член 469 и 472 од Законот за трговските друштва и може да доведе до ненаменско и несоодветно потрошени средства по овие основи.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување да изготват и усвојат пишана процедура со која ќе се регулираат условите и начинот на користење на службените возила и по истата да постапуваат.

## Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ЈКП „Стандард“ Дебар за 2022 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Согласно годишниот план за јавни набавки за 2022 година, предвидени се три постапки, а спроведени се две постапки што претставува 67% од предвидените постапки.

Со ревизијата беа опфатени две постапки за јавни набавки спроведени во 2022 година, една постапка спроведена во 2021 година и една постапка спроведена во 2020 година, чија реализација е во 2022 година или вкупно 4 постапки за јавни набавки. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 4.764 илјада денари без вклучен ДДВ, што опфаќа 100% од вкупната вредност на доделените договори за јавни набавки.

3.2.9. Во текот на 2022 година извршени се набавки на стоки и услуги (водоводни цевки, нафта, водомери, резервни делови и монтажа за товарни возила) во износ 4.096 илјади денари, за кои не се спроведени постапки за јавни набавки. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 40 од Законот за јавните набавки и не обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Препорака:

Надлежните лица за управување и раководење да преземат мерки и активности за спроведување на постапка за набавка на стоки и услуги согласно законските прописи.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. ЈКП „Стандард“ Дебар го извршува платниот промет преку две трансакциски сметки отворени во носителите на платниот промет. Претпријатието е во постојана блокада од 2010 година, поради издаден налог за извршување, по основ на ненавремено подмирување на обврските спрема Фондот за води, Управа за јавни приходи и Фондот за здравствено осигурување по пресуда на Основен суд Дебар, во вкупен износ од 3.832 илјади денари. За да не се доведе во прашање извршувањето на основната дејност од јавен интерес и опстојувањето на претпријатието, Основниот суд Дебар на ЈКП „Стандард” Дебар, на основа вешт наод му утврдува месечен минимум во износ од 2.282 илјади денари за функционирање на претпријатието[8]. Ако се земат во предвид трошоците неопходни за основната дејност и тоа: за обезбедување на гориво, електрична енергија, резервни делови, поправка и сервисирање на возила, ХТЗ опрема и бруто плата на вработените, кои на месечно ниво изнесуваат приближно 2.793 илјади денари, утврдениот минимум не му овозможува на претпријатието да ги извршува своите тековни активности и да ги подмирува обврските кон доверителите што доведува вкупниот износ на блокада, заклучно со 31.12.2022 година, да изнесува 116.635 илјади денари.

Ревизијата истакнува дека, во текот на 2023 година, изготвен е нов вешт наод и утврден е износ од 3.882 илјади денари, парични средства на месечна основа.

Од извршениот увид на неподмирените обврски на ден 31.12.2022 година ги истакнуваме следните состојби:

- евидентирани се обврски во износ од 61.985 илјади денари, по основ на обврски за придонеси и надоместоци на вработените за период од 2009 година до 2014 година, кои ЈКП не ги подмирило во периодот кога истите настанале, согласно членовите 67, 106 и 109 Закон за работни односи;
- по основ на обврски за данок на личен доход евидентирани се обврски во износ од 3.403 илјади денари кои се однесуваат за пресметан, а не уплатен данок на личен доход за период од 2009-2014 година;
- Согласно одредбите на член 213 од Законот за водите, предвиден е надоместок за користење на вода наменета за консумирање од страна на луѓето, кој изнесува 2% од утврдената цена на метар кубен вода. Обврзник за плаќање е секое правно и физичко лице кое користи вода од водоснабдителниот систем, а надоместокот го пресметува правното лице кое управува со водоснабдителниот систем. По овој основ, јавното претпријатие има искажано обврски спрема Буџетот на Република

[8] Решение бр. 03-234/3 од 10.12.2010 година, Основен суд Дебар

Северна Македонија, во износ од 5.937 илјади денари од кои 258 илјади денари се обврски кои се однесуваат на тековната 2022 година, а 5.679 илјади денари се обврски од минати години и

- Обврски за данок на личен доход од 834 илјади денари по основ на пресметан регрес за годишен одмор за период од 2006 - 2019 година.

Ненавременото/ не подмирувањето на обврските влијае на ликвидноста на јавното претпријатие и неможност да ги сервисира долговите и користење на средства кои му припаѓаат на Буџетот на Република Северна Македонија.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 18.10 до 31.12.2023 година, кај ЈКП „Стандард“ Дебар од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот ЈКП „Стандард“ Дебар застапувано од:

- Бурим Каба, директор на ЈКП „Стандард“ Дебар од 11.02.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на ЈКП „Стандард“ Дебар, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 9. Недостатоци во внатрешната контрола

9.1. Во ЈКП „Стандард“ Дебар не се преземени мерки и активности за воспоставување на систем за внатрешни контроли од областа на прием, движење на документацијата и издавање, односно по извршената проверка на функционирањето на интерните контроли ревизијата ги констатира следниве состојби:

- не се донесени пишани процедури за движењето на документацијата и одобрување на истата од одговорните лица во соодветните сектори;
- евидентираните документи во трговските книги не се контролирани /ликвидирани од соодветно лице за да се потврди целосноста, комплетноста и точноста на истите и
- не е донесен акт за овластување на лице кое ќе врши контрола на влезните и излезните документи, како и следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор вклучително и на јавните претпријатија, што влијаат на постоење на ризици во трговските книги да се евидентираат трансакции кои не се веродостојни, комплетни и точни или воопшто да не се евидентираат трансакции кои реално се извршени.

Препорака:

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да преземат мерки и активности за воспоставување на пишани процедури за движењето на документацијата и назначување на одговорни лица кое ќе се грижи за комплетноста и точноста на податоците како и за реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот за 2022 година одржан на ден 20.12.2023 година за кои дадоа свои коментари, објаснување и начелно ги прифатија истите. Од страна на одговорното лице на ЈКП „Стандард“ Дебар во периодот кога е вршена ревизијата не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**ЈКП „Стандард“ Дебар**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2022 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 40.257 | 34.170 |
| Останати приходи | 3.2. | 9 | - |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **40.266** | **34.170** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 6.801 | 3.956 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 733 | 832 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5. | 21.279 | 21.748 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 1.584 | 1.826 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 4.387 | 2.664 |
| Резервирања за трошоци и ризици | | 0 | 16 |
| Останати расходи | 3.8. | 4.786 | 16 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **39.570** | **31.058** |
| **Добивка од редовно работење** | 3.9. | **696** | **3.112** |
| **Добивка пред оданочување** | 3.10. | **696** | **3.112** |
| **Данок од добивка** | 3.11. | **555** | **322** |
| **Нето добивка/загуба** | 3.12. | **141** | **2.790** |

**ЈКП „Стандард“ Дебар**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 4.946 | 2.586 |
| Побарувања од купувачи | 4.2 | 172.754 | 171.181 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3 | 1.331 | 1.331 |
| Побарувања од вработени | 4.4 | 712 | 712 |
| Залихи на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар | 4.5 | 994 | 994 |
| **Вкупно тековни средства** | | **180.737** | **176.804** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Материјални средства | 4.6 | 12.291 | 13.875 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.7 | 214 | 214 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **12.505** | **14.089** |
| **Вкупна актива** | | **193.242** | **190.893** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5.1 | 8.781 | 8.576 |
| Краткорочни обврски за доноци, придонеси и други давачки | 5.2 | 104.571 | 102.191 |
| Обврски спрема вработените | 5.3 | 9.583 | 9.988 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 5.4 | 20 | 11 |
| Краткорочни финансиски обврски | 5.5 | 391 | 373 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **123.346** | **121.139** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина-запишан и уплатен капитал | 6.1 | 16.168 | 16.168 |
| Резерви | 6.2 | 8.897 | 8.478 |
| Акумулирана добивка | 6.3 | 44.690 | 45.108 |
| Добивка од тековната година | 6.4 | 141 | 0 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **69.896** | **69.754** |
| **Вкупна пасива** | | **193.242** | **190.893** |

**ЈКП „Стандард“ Дебар**

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2022 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Останат капитал | Резерви | Акумулира-на добивка | Добивка за финансиска година | **ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (2 до 5) |
| **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | | | | |
| **Состојба на ден 01 јануари 2022** | 16.168 | 8.478 | 45.108 | | **69.754** |
| **Зголемувања:** | | | | | |
| Распоред на нето добивка | | | | 141 | **141** |
| Останати зголемувања по основ на резерви | | 419 | 2.372 | | **2.791** |
| **Намалувања:** | | | | | |
| Останати намалувања (да се специфицира) | | | 2.790 | | **2.790** |
| **Состојба на ден 31. декември 2022** | **16.168** | **8.897** | **44.690** | **141** | **69.896** |

| | |
|---|---|
| **ЈПК Стандард Дебар** | |
| | |
| | |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2022 ГОДИНА** | |
| | |
| | во 000 денари |
| | **2022/2021** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **141** |
| Амортизација | 1.584 |
| **Готовински текови од работење** | **1.725** |
| | |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | (1.572) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 205 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 2.380 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | (405) |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | 9 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ | 18 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **2.360** |
| | |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **2.360** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **2.586** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **4.946** |